**Број 09-1037/1**
**11.02.2022 година**

Врз основа на Одлука за запишување на монтажни куќи - хуманитарна помош од Република Бугарија во Регистарот на недвижен имот на Општина Штип број 08-554/1 од 26.01.2022 година ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/22) и Правилникот за критериумите и постапката за доделување и начинот на користење на монтажните куќи-хуманитарна помош од Република Бугарија број 09-1036/1 од 11.02.2022 година, Градоначалникот на Општина Штип, објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за доставување на барања за доделување на монтажни куќи - хуманитарна помош од Република Бугарија

Градоначалникот на Општина Штип објавува Јавен оглас за доставување на барања за доделување на монтажни куќи - хуманитарна помош од Република Бугарија поставени на локација:

- Населба Радански пат на КП бр.3748/1 за КО Штип 3; и
- Населба Три Чешми на КП бр.418/4, КП бр.418/5, КП бр.418/6, КП бр.418/7 и КП бр.418/8 за КО Три Чешми.

**Право на учество имаат:**

- **Брачни парови** –приматели на социјална помош и станбено необезбедени;
- **Семејства чии домови се уништени** од елементарни непогоди и се станбено необезбедени;
- **Самохрани мајки** –приматели на социјална помош и станбено необезбедени; и
- **Деца без родители**- станбено необезбедени.

**Потребна документација која треба да се достави за овој оглас:**

1. За брачни парови –приматели на социјална помош и станбено необезбедени
    - Барање за доделување монтажна куќа
    - Уверение за државјанство
    - Потврда за користење социјалн помош
    - Потврда за невработеност
    - Извод од матичната книга на венчаните
    - Уверение за семејно материјална состојба

2. За семејства чии домови се уништени од елементарни непогоди и се станбено обезбедени

- Барање за доделување монтажна куќа
- Уверение за државјанство
- Потврда за користење социјалн помош
- Потврда за невработеност
- Извод од матичната книга на венчаните
- Уверение за семејно материјална состојба
- Потврда од надлежен одран за претрпена штета од елементарна непогода

3. За самохрани мајки –приматели на социјална помош и станбено необезбедени

- Барање за доделување монтажна куќа
- Уверение за државјанство
- Потврда за користење социјалн помош
- Потврда за невработеност

4. За деца без родители- станбено необезбедени

- Барање за доделување монтажна куќа
- Уверение за државјанство
- Потврда за користење социјалн помош
- Потврда за невработеност
- Потврда од институција за згрижување на деца без родители

**Упатство:**

Барањата за доделување монтажна куќа заедно со потребната документација треба да се достави до **Архива на Општина Штип.**

Изборот за најповолен кандидат ќе го врши Комисијата за решавање на статусот на монтажните куќи-хуманитарна помош од Република Бугарија, формирана со Решение број 09-6842/1 од 17.12.2021 година.

За извршениот избор на најповолен кандидат ќе се изгови Решение за избор на лица на кои ќе им бидат доделени монтажните куќи.

Начинот на користење и доделување на монтажните куќи ќе се регулира со Договор помеѓу лицето на кое му е доделена монтажната куќа и Општина Штип.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ШТИП
ОПШТИНА ШТИП

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов